Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**ИЗВЕШТАЈ**

**од**

**Верификација на младинските организации, организациите за млади и младинските чадор организации во Регистарот на форми на младинско организирање на АМС**

одржана на 20.07.2021 и 28.07.2021, Агенција за млади и спорт

Согласно Меморандумот за соработка склучен помеѓу НМСМ и АМС, на 03.03.2021, АМС и НМСМ се согласни секоја година заеднички да ја прават верификацијата на младинските организации и организациите за млади во Регистарот на младински организации и организации за млади кој го води АМС, во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

На верификацијата за периодот Јануари 2021 – Јуни 2021, учествуваа **Никола Ивановски**, член на Управен одбор на НМСМ, **Филип Кулаков**, Координатор за меѓународни прашања и политики, и **Јана Јосифовска**, Финансиски и административен менаџер во НМСМ (која учествуваше само на 28.07.2021 година).

Од вкупно 45 организации кои поднеле барање за упис во Регистарот на младински организации и организации за млади кој го води АМС, НМСМ утврди неправилности во вкупно 6 барања. Подетално околу истите подолу:

## 1. НЕДОСЛЕДНОСТ ВО КРИТЕРИУМИТЕ

При верификацијата, НМСМ утврди недоследност во критериумите при разгледувањето на апликациите од страна на АМС. Конкретно, **Здружението за мултикултурна интеграција Инклузија Охрид** добило известување за дополнување на документација во која било наведено дека треба да достави и Барање согласно урнек, достапно во самиот Повик за регистрација во Регистарот на младински организации и организации за млади. За разлика од нив, **Здружение за заштита и едукација на деца и млади Роми Прогрес Скопје** и **Мрежа за европски граѓани и идентитет Штип** не доставиле Барање за упис во Регистарот (согласно урнекот во Јавниот повик), а добиле решение за упис во регистарот.

**ПРЕПОРАКА:** АМС да ги контактира Здружение за заштита и едукација на деца и млади Роми Прогрес Скопје и Мрежа за европски граѓани и идентитет Штип да доставаат Барање за упис во Регистарот (согласно урнекот во Јавниот повик).

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

## 2. РЕГИСТРАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ВО НЕСООДВЕТНА КАТЕГОРИЈА

При верификацијата, НМСМ утврди дека определени организации исполнуваат критериуми за да бидат младински организации, а се регистрирани како организации за млади. Таков е случајот со **Здружение за културен и едукативен развој Младински Борд Штип**, кои имаат доставено уредна документација за младинска организација, а добиле решение за организација за млади.

**ПРЕПОРАКА:** АМС, согласно документацијата доставена од Здружение за културен и едукативен развој Младински Борд Штип, да констатира дека истите спаѓаат во категоријата Младинска органзиација а не Организација за млади, согласно Законот за младинско учество и младински политики.

## 3. ИЗДАДЕНО РЕШЕНИЕ ЗА УПИС БЕЗ ПРИТОА ЦЕЛОСНО ДОСТАВЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЈАВНИОТ ПОВИК

При верификацијата, НМСМ утврди дека определени организации добиле решение за упис во регистарот, а притоа ја немаат доставено целата документација. Покрај гореспоменатите **Здружение за заштита и едукација на деца и млади Роми Прогрес Скопје** и **Мрежа за европски граѓани и идентитет Штип**, кои немаат доставено барање согласно урнекот, исто така **Здружение на граѓани Центар за истражување и анализи НОВУС – Струмица** има добиено решение за упис, а притоа нема доставено Решение од Централен регистар по кое се утврдува условот за постоење повеќе од 1 година.

**ПРЕПОРАКА:** АМС да ги контактира Здружение на граѓани Центар за истражување и анализи НОВУС – Струмица да достават Решение од Централен регистар по кое се утврдува условот за постоење повеќе од 1 година.

## 4. ОДБИЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО ИСПОЛНУВААТ КРИТЕРИУМИ ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ

При верификацијата, НМСМ утврди дека определени организации исполнуваат критериуми за да бидат впишани во Регистарот, но истите биле одбиени. Таков е случајот со **Здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје**, кои ја имаат поднесено целата документација потребна за упис како организација за млади (барање за упис, решение од ЦР, тековна состојба, статут, програма и извештај) а нивното барање е одбиено.

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**ПРЕПОРАКА:** АМС да ги впиши Здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје во Регистарот на форми на младинско организирање како Организација за млади.

**ГЕНЕРАЛНИ ПРЕПОРАКИ:**

- Месечна средба со НМСМ за верификација на пристигнатите апликации (секој последен четврток во месецот);
- Усогласување на пристапот при разгледување на сите апликации (критериумите да важат подеднакво за сите апликанти);
- Опција организациите при поднесувањето на Барањето да наведат дали бараат упис како организација за млади, младинска организација или младинска чадор организација.
- Во однос на објавувањето на Регистарот, који се прави на квартално ниво, да не се објавуваат одбиените организации, со оглед на тоа што со одбивањето, истите не се дел од Регистарот.

Во прилог и АНЕКС 1: Табела од верификацијата поединечно за секоја организација.